# З А П И С Н И К
**од Четириесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 22.12.2017 година**

**Скопје, декември 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 22.12.2017 година**

Седницата започна во 18:05 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Рената Тренеска, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и заменик на министерот за финансии, Ширете Елези, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Власте Димковиќ, заменик на министерот за здравство, Гоце Чакаровски, заменик на министерот за труд и социјална политика, Елми Азири, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, Александар Бајдевски и заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, Јани Макрадули.

На седницата присуствуваа и портпаролот на Владата на Република Македонија, Миле Бошњаковски, директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчевски, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Виктор Димовски, директорот на АД Македонски железници Транспорт-Скопје, Љубиша Ристиќ, директорот на АД МЕПСО-Скопје, Сашо Василевски и раководителот на секторот во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Зоран Николовски.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, Радмила Шекеринска, министерот за надворешни работи, Никола Димитров, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, министерот за труд и социјална политика, Мила Царовска, министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски, министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураки и министерот без ресор, задолжен за

имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата со ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Предлог-одлука за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД за производство на електрична енергија Електрани на Македонија, Скопје, во државна сопственост;

2. Предлог-одлука за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД МЕПСО Скопје, во државна сопственост;

3. Предлог-програма за изменување на Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2017 година;

4. Програма за изменување на Инвестиционата програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија за 2017 година, со Одлука за усвојување на Програмата за изменување на Инвестиционата програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија за 2017 година, Одлука за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија за 2016 година и предлог-одлуки;

5. Предлог-програма за изменување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2017 година;

6. Предлог-одлука за давање согласност на Програмата за изменување и дополнување на Годишната програма со финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2017 година;

**б) економски систем и тековна економска политика**

7. Извештај за процена и утврдување на висината на штетата на недвижниот и движен имот на подрачјата на Скопскиот регион, заради зголемен обем на врнежи и поплави;

8. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за поставување на фотоволтажни ќелии со намена Е2-комунална супраструктура за производство на електрична енергија КО Јаболци, општина Сопиште, со Предлог-одлука;

9. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Батинци, општина Студеничани, со Предлог-одлука;

10. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на викенд населба КО Сопот, општина Свети Николе, со Предлог-одлука;

11. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со намена Г4-магацински простор со сите потребни пропратни содржини со намена компатибилна со основната (Б1, Б4, Г3 и Д2) КО Кривогаштани-вон г.р., општина Кривогаштани, со Предлог-одлука;

12. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектни документации за 2017 година;

**в) политички систем**

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

13. Предлог-програма за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2017 година;

14. Предлог-програма за изменување на Програмата за лекување на ретки болести во Република Македонија за 2017 година;

15. Предлог-програма за изменување на Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија за 2017 година;

16. Предлог-програма за изменување на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија за 2017 година;
17. Предлог-програма за изменување на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2017 година;

18. Предлог-програма за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија во 2017 година;

19. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2017 година;

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

**б) политички систем**

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

**д) други предлози**

20. Кадровски прашања

21. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

22. Информација во врска со одржување Собрание на акционери на АД ГА-МА, Скопје, закажано за 25.12.2017 година;

23. Информација за Предлог-проектот „Western Balkans Trade and Transport“, предложен од Светска Банка и потребните идни активности за негова имплементација;

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, Скопје, во државна сопственост (во врска со донесување на Одлуката за прифаќање на Барањето од Македонски железници Транспорт АД Скопје за давање на заем) во предложениот текст;

**Точка 2**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД МЕПСО Скопје во државна сопственост (во врска со донесувањето на Одлуката за склучување на Договор за позајмица со Македонски железници Транспорт АД Скопје) , во предложениот текст;

**Точка 3**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2017 година (најнов текст), во предложениот текст;

**Точка 4**

Владата по новиот текст на Програмата за изменување на Инвестиционата програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија за 2017 година, со Одлука за усвојување на Програмата за изменување на Инвестиционата програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија за 2017 година, Одлука за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија за 2016 година и Предлог-одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Инвестиционата програма на ЈП Службен весник на Република Македонија за 2017 година (нов текст), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија за 2016 година, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2017 година (нов текст), во предложениот текст;

**Точка 6**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување и дополнување на Годишната програма со финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го разгледа Извештајот за процена и утврдување на висината на штетата на недвижниот и движен имот на подрачјата на Скопскиот регион, заради зголемен обем на врнежи и поплави и притоа заклучи:

- Се задолжува Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата на недвижниот и движен имот на подрачјата на Скопскиот и Тетовскиот регион, заради зголемен обем на врнежи и поплави предметниот Извештај во најкраток можен рок да го достави до Министерството за финансии, со цел на наредната седница на Владата што ќе се одржи на 26.12.2017 година (вторник) Министерството за финансии да достави соодветен предлог за надминување на состојбата со обештетувањето (Предлог-заклучоци или Предлог-одлука).

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за поставување на фотоволтажни ќелии со намена Е2-комунална супраструктура за производство на електрична енергија КО Јаболци, општина Сопиште, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за поставување на фотоволтажни ќелии со намена Е2-комунална супраструктура за производство на електрична енергија КО Јаболци, општина Сопиште, во предложениот текст;

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Батинци, општина Студеничани, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Батинци, општина Студеничани, во предложениот текст;

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на викенд населба КО Сопот, општина Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на викенд населба КО Сопот, општина Свети Николе, во предложениот текст;

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со намена Г4-магацински простор со сите потребни пропратни содржини со намена компатибилна со основната (Б1, Б4, Г3 и Д2) КО Кривогаштани-вон г.р., општина Кривогаштани, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со намена Г4-магацински простор со сите потребни пропратни содржини со намена компатибилна со основната (Б1, Б4, Г3 И Д2), КО Кривогаштани-вон г.р., општина Кривогаштани, во предложениот текст;

**Точка 12**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектни документации за 2017 година, во предложениот текст;

**Точка 13**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2017 година, во предложениот текст;

**Точка 14**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за лекување на ретки болести во Република Македонија за 2017 година (нов текст), во предложениот текст;

**Точка 15**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија за 2017 година (најнов текст), во предложениот текст;

**Точка 16**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст;

**Точка 17**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2017 година (најнов текст), во предложениот текст;

**Точка 18**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија во 2017 година, во предложениот текст;

**Точка 19**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2017 година, во предложениот текст;

**Точка 20**

1. Владата од должноста претседател и член на Комисијата за економски систем и тековна економска политика ги разреши:

а) од претседател:
- Крешник Бектеши, министер за економија

б) од член:
- Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

1.1. Владата за претседател и член на Комисијата за економски систем и тековна економска политика ги именува:

а) за претседател:
- Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

б) за член:
- Крешник Бектеши, министер за економија

2. Владата од должноста претседател и член на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој ги разреши:

а) од претседател:
- Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

б) од член:
- Билен Саљији, министер за правда

2.1. Владата за претседател и член на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој ги именува:

а) за претседател:
- Билен Саљији, министер за правда

б) за член:
- Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

## Точка 21

1. Владата заклучи Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави соодветна Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Македонија за 2017 година бр.44-4229/1 од 31.7.2017 година, со цел средствата во износ од 12 милиони денари наменети за компресирање и транспортирање на сметот од депонијата во Општина Струга на нова локација, Владата на Република Македонија да ги префрли на посебна наменска сметка на Општина Струга.

Одлуката се смета за донесена на оваа седница на Владата.

2. Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување Собрание на акционери на АД ГА-МА, Скопје, закажано за 25.12.2017 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува Исмаил Љума, од Министерството за економија, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република

Македонија, како акционер во АД ГА-МА, Скопје, да присуствува на Собранието на акционери на АД ГА-МА, Скопје, закажано за 25.12.2017 година, во 11:00 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да го извести АД ГА-МА, Скопје за издаденото полномошно.

3. Се овластува полномошникот да гласа „ЗА“ по сите точки од Процедуралниот дел на Собранието на акционери на АД ГА-МА, Скопје, закажано за 25.12.2017 година, во 11:00 часот.

Во однос на Работниот дел на Собранието на акционерите да гласа согласно заклучоците на Владата од седниците, одржани на 3.8.2017 година и 12.12.2017 година.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-проектот „Western Balkans Trade and Transport“, предложен од Светска Банка и потребните идни активности за негова имплементација и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии, Царинската управа, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Агенцијата за храна и ветеринарство и Државниот санитарен и здравствен инспекторат во рок од три дена до Министерството за транспорт и врски да достават номинации за членови и заменици на членовите во работна група за координирање на активности и следење имплементација на мерките во рамки на проектот „Western Balkans Trade and Transport Facilitation Project“.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од три дена по добивањето на номинациите за членови и заменици на членовите од сите надлежни институции, да подготви соодветен акт за формирање на работната група за координирање на активности и следење имплементација на мерките во рамки на проектот „Western Balkans Trade and Transport Facilitation Project“.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 19:10 часот.

| | |
|---|---|
| **ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** |
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |